20080370598

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 од Законот за здравственото осигурување („Сл.весник на РМ“ бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07 и 36/07), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 08.01.2008 година донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА СИСТЕМИ ЗА ИЛЕОСТОМИ, КОЛОСТОМИ И УРОСТОМИ, ПЛОЧКИ И ПАСТА, ШТО ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во член 1 на Одлуката за утврдување на референтни цени за системи за илеостоми, колостоми и уростоми, плочки и паста, што паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 61/06, 41/07 и 132/07), во третата колона од заглавието на табелата, зборовите: "5% ДДВ" се заменуваат со зборовите: "со сите давачки".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на РМ", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-3/7
8 јануари 2008 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Аљбон Џемаили, с.р.